## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03 - 2

Скопје 07.02.2020г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**До:**

**Предмет: Одговор на претставка насловена „ТВ реклама со насилство“**

Почитувана,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, испративте претставка насловена „ТВ реклама со насилство“ (наш бр. 03-2 од 08.01.2020 година). Во дописот велите дека „со рекламата за благо – лут чипс, Витаминка промовира семејно насилство, т.е. родово насилство“ и дека со неа „Витаминка на младите генерации им пласира искривени вредности.“ Наведувате и дека со ваква поплака сте се обратиле до „Витаминка“ АД Прилеп, на што Ви било одговорено дека станува збор за уметност. Дописот го завршувате со прашањето: „Дали Вашата Агенција ги следи телвизиите што емитуваат во јавност?“.

Ве известуваме дека Агенцијата ги презеде сите чекори кои се во нејзина надлежност. Имено, направи анализа на рекламата, утврди кога и на кои телевизии е емитувана, како и дека сега не се емитува и, иако нема надлежност да постапува врз нејзиниот нарачател, туку само врз телевизиите, ја извести „Витаминка“ за наодите од анализата. Во прилог Ви ја испраќаме Информацијата од анализата на рекламата за „Чоко Стоби флипс - дарк & чили“, на „Витаминка“ АД Прилеп која е доставена и до компанијата и објавена на нашата веб страница во делот „Претставки“ заедно со вашиот допис.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**